**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, хжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-386/4 од 01.06.2022 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.1735/1, КП бр. 1735/2, КП бр. 1737 и КП бр.1738, КО Сопотница, општина Демир Хисар.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги СХ ГАСПРОМЕТ ДОО Увоз-Извоз Битола, со седиште на ул.„Воден" бр.17,Битола, преку овластениот застапник Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ ДООЕЛ, ул.Арсение Јовков бр.28, Битола. поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам со број 11-386/1 од 28.02.2022 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, изработена од Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ ДООЕЛ Битола, кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0106, издадена од Министерство за транспорт и врски на 13.02.2019 година , со важност до 13.02.2026 година.
Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма потпишана и заверена од инвеститор со техн.бр. 11-11/11 од март 2022 година
2. Графички прилог со исцртан плански опфат на ажурирана геодетска подлога
3. Геодетски елаборат за Ажурирана геодетска подлога со дел.бр. 08-31/4 од 23.02.2022 година, изработен од „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола, ул.„Питу Гули" бр.47б, Битола
4. Известување за заверка на геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, издадено од АКН со бр.1110-1/2022 од 23.02.2022 година
5. Услови за планирање на просторот со техн.број У16422 од мај 2022, издадени од Агенција за планирање на просторот

6. Решение за услови за планирање на просторот со Арх.бр. УП1-15 915/2022 од 17.05.2022 година
7. Полномошно од инвеститор, бр. УЗП 285/2022 од 10.02.2022 година

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1125/1 од 19.11.2021 година, согласно член 38 став 8 и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана на КП бр.1735/1, КП бр. 1735/2, КП бр. 1737 и КП бр.1738, КО Сопотница, општина Демир Хисар.
Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

***Изработил:*** **Катерина Радовска**
***Одобрил:*** **Соња Наумовска**

Sonja Naumovska

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**